**20131102691**

**АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ**

Врз основа на член 39з став (5) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско ("Службен весник на Република Македонија" бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113 /2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012 и 13/2013) член 45 став (5) и член 76 став (5) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2008, 124/2010, 17/2011 и 13/2013) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување на седницата, одржана на 29.7.2013година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ПОВЛЕКУВАЊЕ ИЛИ УКИНУВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЗАДОЛЖИТЕЛЕН И/ИЛИ ДОБРОВОЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД

Член 1

Во Правилникот за постапката за повлекување или укинување на одобрение за управување со задолжителен и/или доброволен пензиски фонд („Службен весник на Република Македонија" бр. 138/2008 и 171/2010) во член 2 ставот (1) зборовите:„Управниот одбор" се заменуваат со зборовите:„Советот на експерти".

Точката а) се менува и гласи:

„доколку по намалување на основната главнина, главнината, сопствените средства или ликвидните средства под бараниот износ пензиското друштво не изврши нивно зголемување до бараниот износ, во рок кој ќе го определи Агенцијата кој не може да биде подолг од 12 месеци."

Во точката б) зборот: „неправилностите" се заменува со зборот: „незаконитостите".

Точката г) се менува и гласи:

„заради грубо кршење на одредбите од Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам;"

Член 2

Во член 3 ставовите (2) и (3) по зборот: „членовите" се додаваат зборовите:„и пензионираните членови", а зборот: „директорот" се заменува со зборовите: „Советот на експерти".

Во ставот (5) зборовите:„Управниот одбор" се заменуваат со зборовите:„Советот на експерти".

Член 3

Во член 4 ставовите (1), (2) и (4),член 5 ставот (3) и членот 6 по зборот: „членовите" се додаваат зборовите:„и пензионираните членови", а зборовите: „Управниот одбор" се заменува со зборовите: „Советот на експерти".

Во ставот (6) по зборот: „членовите" се додаваат зборовите:„и пензионираните членови".

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 01-1110/5 | Претседател |
| 1 август 2013 година | на Совет на експерти, |
| Скопје | д-р **Булент Дервиши**, с.р. |